РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2409/4
18-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2409/1 од 04.09.2025 година, оформен по препратена пријава од страна на Државниот управен инспекторат со наводи за објавен Јавен оглас бр. --- за вработување на 5 државни службеници во Општина ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не е констатирана повреда на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2409/1 од 04.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Државниот управен инспекторат (понатаму: Инспекторат), на ден 04.09.2025 година е препратена пријава на постапување а со наводи за објавен Јавен оглас бр. --- за вработување на 5 државни службеници во Општина --- и оформен е предмет бр. 12-2409/1 од 04.09.2025 година.
Инспекторатот до ДКСК доставил претставка во која подносителот навел дека во Агенцијата за администрација на РСМ (понатаму: Агенцијата), бил објавен Јавен оглас бр. --- за вработување на 5 државни службеници од група 1, подгрупа 1 во

Општина --- за работни места подетално опишани во огласот. Пријавителката --- се пријавила на огласот за работно место Советник за спроведување на јавни набавки преку јавен оглас, Одделение за јавни набавки, Сектор за општи и правни работи, со шифра УПР 0101801000 за кое во целост ги исполнувала предвидените услови. По завршувањето на постапката била донесена Одлука за избор на кандидат бр. --- од 17.07.2025 година со која одлука за работното место Советник за спроведување на јавни набавки преку јавен оглас. Во став 3 од изреката на одлуката било утврдено дека стапува во сила по истек на 8 дена од објавувањето на веб страницата на Агенцијата. Градоначалникот бил должен согласно член 46 од Законот за административни службеници во рок од 5 дена од конечноста на одлуката за избор да донесе решение за вработување на неопределено време на избраниот кандидат. Но и покрај тоа што рокот за донесување на решение за вработување бил истечен Градоначалникот не донел решение за вработување.
Инспекторатот извршил вонреден инспекциски надзор во Општина ---, за што составил Записник за извршен инспекциски надзор Ип1. бр. --- од 03.09.2025 година. Со записникот била утврдена следната фактичка состојба:
При инспекцискиот надзор, управниот инспектор по однос на недонесување на решение за вработување, утврдил дека на денот на надзорот истото е донесено под бр. --- од 12.08.2025 година, но после рокот утврден во член 46 од Законот за административни службеници. Дополнително, решението не било доставено до избраниот кандидат.
Идентична е фактичката состојба и во претставката за пријавителката на горенаведениот јавен оглас ---, по која исто така бил извршен вонреден инспекциски надзор во општината. Инспекторатот составил записник за извршен инспекциски надзор, во кој е утврдена идентична состојба како и за лицето ---.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Општина ---.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните податоци и информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Секретарот на Општина --- донел Одлука за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на државен службеник во општинската администрација, заведена под бр. --- од 17.07.2025 година, со која за работното место објавено во

јавниот оглас за вработување на државен службеник во Општина ---, Советник за спроведување на јавни набавки се избира кандидатот ---.
Секретарот на Општина --- донел Одлука за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на државен службеник во општинската администрација на Општина ---, заведена под бр. --- од 17.07.2025 година, со која за работното место објавено во јавниот оглас за вработување на државен службеник во Општина ---, Соработник за прибирање и обработка на податоци и информации од областа на основното и средното образование, се избира кандидатот ---.
На 09.08.2025 година, е донесено решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

Според член 45 став (1) од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) (понатаму: ЗАС), секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3), или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор.
Според член 46 став 1 од ЗАС, во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

ДКСК констатира дека во конкретниот случај одлуките за избор на кандидат се донесени на ден 17.07.2025 година (пред распишувањето на изборите на ден 09.08.2025 година), односно градоначалникот бил должен да ги донесе и решенијата пред започнување на изборниот процес. Имајќи го предвид член 46 став 1 од ЗАС, во случај на веќе донесена одлука за избор на кандидат од страна на секретарот на институцијата, одговорното лице на институцијата, во конкретниот случај градоначалникот, е обврзан во предвидениот рок, да донесе решение, односно склучи договор за вработување со избраниот кандидат. Дополнително, видно од известувањето од општината не се преземени понатамошни дејствија за доставување на решенијата до кандидатите и пријавување во Агенција за вработување поради распишаните локални избори.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на горенаведените одредби од Изборниот

законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
Цвета Ристовска

Изработил: м-р В.З,.Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата